**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 февруари 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 15,37 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

(Пратениците од пратеничките групи на позицијата доставените материјали - амандмани на Деловникот ги оставаат во еден агол во салата).

**Љубиша Георгиевски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам 30-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдуладu Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Владанка Авировиќ, Мери Младеновска Георгиевска, Есад Рахиќ, Тале Герамитчиоски, Фијат Цаноски, Благој Зашов, Мендух Тачи, Арбен Џафери и Даут Реџепи ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Констатирам дека на седницата присуствува доволен број пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Пратеникот Лилјана Поповска го повлече Предлогот за донесување деловник за изменување на Деловникот на Собранието на Република Македонија, со Предлог на Деловник. Нејзиното писмо со кое се повлекува Предлогот ќе ви биде поделено или веќе е поделено.

Пратениците Цветанак Иванова, Ацо Киров и Тале Герамитчиоски, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за состојбите со производството и откупот на суровиот тутун од реколтата 2006 година во Република Македонија.

Информацијата ви е поделена.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба оваа информација да биде разгледана на оваа седница.

Процедурално има збор пратеникот Борис Кондарко.

Повелете господине Борис Кондарко.

(Пратеникот Борис Кондарко од купот веќе оставени материјали - амандмани зема еден комплет и го остава на говорницата, на што реагираат некои пратеници).

Дозволете, има збор и има право да го прави тоа.

**Борис Кондарко:** Почитуван претседателе, благодарам за зборот.

Се надевам дека три минути нема да ме прекинувате, во име на демократијата да ги искористам за процедурална интервенција во врска со ова што се случуваше денес во Собранието и молам да почне да се мери времето од почетокот.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Денес дојдовме до точка на работата на Парламентот каде што гледаме што значи постоењето на демократијата во институциите во Република Македонија. Денес, почитувани пратеници, ова е цената на демократијата и оваа хартија таму.

(Реакција од некои пратеници со зборовите “Ова не е процедурално”).

Дали е ова демократија

**Љубиша Георгиевски:** Дозволете на говорникот да каже.

**Борис Кондарко:** За разлика од вас, почитувани колеги, кога седевте на оваа страна на Парламентот и кога тропавте по пратеничките клупи, нашата борба за демократија е со хартија. Освен правото на говор, пратениците од опозицијата немаат друго демократско право за борба против недемократската власт.

Ние протестираме почитуван претседателе, против ова што , меѓу другото и вие сте еден од најодговорните и дозволивте да се случи ваков недемократски циркус во Македонскиот парламетн, исто така и пратеничката Лилјана Поповска на чија сметка претпоставувам ќе ја испорачате и фактурата за оваа потрошена хартија, како и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ која стоеше зад целиот овој подмолен и недемократски проект.

Бараме во иднина, за да остане ова демократски Парламент, да не се жалите на опозицијата. Опозицијата придонесува за демократијата. Ако сакате Парламентот да биде ефикасен, треба да почитувате најмалку три работи. Прво, да ја почитувате демократијата, работата, начинот демократски на работа на овој Парламент, да ја почитувате опозицијата и самите да си обезбедите кворум и да не се жалите повеќе на опозицијата, затоа што ако толку ви пречи опозицијата, демократски е вие како власт да го напуштите Парламентот. Битно е да се сочува демократијта во Парламентот, па макар и одлуката да биде вие да го напуштите Парламентот.

Понатаму, протестираме претседателе, не не загрижува, тоа не е наша работа Влатко Ѓорчев - визацијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, но нас не загрижува и протестираме против ВМРО-овизацијата на Македонскиот

парламент. Бараме одговорност за постапувањето за ваквиот начин на злоупотреба на институциите во Република Македонија од страна на една политичка партија. Вие доколку не превземете нешто во врска со тоа ќе бидете соучесник, иако се издвојувате како прв меѓу еднаквите секогаш кога тоа ви одговара.

Значи, цената на демократијата е зборот. Зборот и опозицијата нема да ги загушите, демократијата нема да ја убиете, а опозицијата повлекувањето на оваа точка од дневен ред го смета како демократски притисок на опозицијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеничката Лилјана Поповска и завршуваме со процедуралните забелешки. Седницата не е отворена додека не се усвои дневниот ред. Ќе имаме само две процедурални забелешки. Седницата не е отворена додека немаме дневен ред. Процедурално пратеникот Борис Кондарко кажа, мислам дека Лилјана Поповска има право и вие уште (му се обраќа на пратеникот Ѓорѓи Оровчанец) и готово. Инаку не можеме процедурално да зборуваме, треба да работиме.

Повелете госпоѓо Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине претседателе, бидејќи имаше процедурална забелешка, само да појаснам исто така процедурално во врска со точката што ја повледков од дневен ред. Јас го доставив писмото, во кое се вели следното:

(Пратеници и понатаму оставаат материјали во аголот на салата, некои пратеници реагираат).

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам тишина.

**Лилјана Поповска:** Почитувани колеги, добро би било да се слушнеме. Ова се случува според мене кога инаетот го надвладува разумот. Навистина ќе сакав да видам некоја друга состојба во Парламентот и за да не се прераскажувам, дозволети ми сосмема кратко да го прочитам објаснувањето зошто го повлеков.

“Следејќи го гласот на разумот го повлекувам Предлогот за донесување деловник за изменување на Деловникот на Собранието на Република Македонија. Ова го правам како предлагач кој имаше желба и добра намера да се излезе од исполитизираната дебата околу Предлог деловникот. Со оглед на обемноста на тој текст и големиот број спорни точки, ценев дека дискусијата би ни одзела месеци работа во време кога имаме други приоритети. Затоа предложив измена само на еден член од Деловникот (реакции и смеење од некои пратеници во салата), сметајќи дека тоа ќе претставува рационален пристап и можност за полесно усогласување. Но, по бурните реакции на колегите од СДСМ и ЛДП, кои кулминираа со над 2800 амандмани на само еден член, сметам дека треба да го зачуваме разумот, како и достоинството на Парламентот и да побараме друго решение”.

Почитувни колеги, јас би ве замолила навистина рационално да размислиме за нешто. Ако сакаме во Парламентот да носиме закони, а Парламентот е место и за тоа пред се, тогаш треба да се договориме за процедурата. Овој мој предлог не го прифативте. (Реакција од некои пратеници во салата, на што претседателот замолува за тишина). Јас ве замолувам вие да предложите предлог како да излеземе од оваа ситуација, доколку не се согласувате со нашите предлози. Тоа е политички дијалог според мене. Ова беше исто така обид за тоа.

И уште нешто. Само би сакала уште нешто процедурално да појаснам, за да нема забуни. Јас не можам да бидам ни теоретски изманипулирана од било кого. (Реакција од пратеници). Мислам дека тоа до сега требаше на колегите да им биде јасно. Јас имав сосема јасни издвоени ставови во мое име и во името на ДОМ ги кажав. Имав сериозни забелешки на концептот на деловникот, имав забелешки на статусот на пратеникот и на употребата на јазикот и доследно на тоа дадов предлог овде за нешто за што јас се заложив, го подржав, подржав да има процедура за дискусии и да има ден за гласање. За тоа со години сум се залагала. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално, има збор уште пратеникот Ѓорѓи Оровчанец.

Господине Оровчанец, ве молам бидете во рамките на процедуралната забелешка.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Морав да земам збор процедурално, затоа што ова што се случува во Македонскиот парламент, ова што се случува во македонската политичка јавност, ова што и се случува на Република Македонија е крајно непримерен однос кон сопствените граѓани и кон сопствената држава. Ова е политиканство од најдолен ред кој може да постои во една земја. Парламентот од законодавно тело, врвно политичко тело, столб на оваа држава го напрвивме во полигон на лечење на одредени суети. Овде зборувме за што? Зборуваме сега за разум. Па каде беше разумот кога го поднесувавте? Беше објаснето како соломонско. Што е тоа соломонско? Ова е лилипутанско, не е соломонско.

И трета работа, овие 2800 амандмани, тоа е крајно ирационален одговор на една нерационална политика која се води. Овој народ треба да ве види сите во очи и да ви каже дека не сте заслужиле да бидете овде, внатре во ова Собрание. Тоа е дефинитивно.

И уште една работа. Владата, во овој момент, е круцијалниот елемент во функционирањето на оваа држава. Ја повикува Владата да се тргне од ирационална политика која влегува континуирано во овој Парламент и која политика ја вовлекува Република Македонија во политичка криза. Премиерот да дојде, да даде агенда на делување на оваа држава околу која ние ќе можеме едноставно да се сплотиме, да можеме да ги донесеме сите оние закони што треба да се

донесат за Македонија да биде во ситуација да добие и за НАТО и за Европската унија адекватни одговори. Доколку на овој начин во овој Парламент се продолжи, тогаш сите овде во овој Парламент го ставаме македонскиот народ и македонската држава како заложници.

Јас лично се оградувам од сите овие работи и сметам дека треба дефинитивно да мислите малку повеќе за она што го правите на сопствената држава. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната (пратеници бараат процедурално збор) - не, не, нема повеќе процедурални забелешки - и неодложна потреба ова информација да биде разгледана на оваа седница.

Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе.

Значи, имаме една сериозна точка на дневен ред која што бараме денеска да биде разгледана, а тоа е Информацијата за состојбата со производството и откупот на суровиот тутун од реколтата 2006 година. Производството на тутун во Република Македонија зазема мошне значајно место во агроиндустрискиот комплекс. Исто така, тутунот е значајна трудоинтензивна култура која што има огромно значење од социјален аспект. Самиот факт што во Република Македонија околу 50.000 семејства се занимаваат и егзистираат од производство на тутун, доволно зборува за тоа колку е значајна оваа култура и дека на околу 200.000 жители во Република Македонија претставува извор на средства за егзистенција. Значи, ќе се сложите дека тутунот има големо економско, исто така и социјално значење за Република Македонија. Откупот на реколтата на тутун за 2006 година е во тек и во ек и сите од средствата за јавно информирање, како и од самите тутунопроизводители со кои што постојано сме во контакт можеме да констатираме дека годинава откупот на тутунот е во хаотична состојба. Не се почитуваат позитивните законски прописи кои што се однесуваат на тутунот. Проценката на тутунот е понижувачка оваа година, затоа што најголем број, односно килограми од вкупно произведени 23.000 тони, а откупени досега 10.500 тони се проценети со просечна цена, односно класа А3 која што навистина е слаба проценка и тутунопроизводителите не се задоволни со ваквата проценка. За исплатата на ветената премија за реколтата 2005 година и оваа 2006 година да не зборуваме. Со оглед на тоа дека во 2006 година како што кажавте произведени се 23.000 тони, а се откупени заклучно со 2.02.2007 година 10.500 тони суров тутун. Сметам дека се повеќе истекува оптималниот рок за откуп, затоа што оние кои што малку разбираат од пратениците од тутун значи дека тутунопроизводителите не можат да го обезбедат чувањето на својот тутун, затоа што времето е топло и истиот е подложен на расипување.

Од друга страна почитувани колеги откупните цени никогаш не биле пониски од годинава и навистина земете го ова за сериозно. Значи, просечна цена на откупен тутун од типот Прилеп е 111 денари, никогаш пониско. Откупна просечна цена на тутунот Јака кој што го произведуваат тутунарите од Радовишко-Струмичкиот регион е некаде околу 75 денари, значи никогаш пониска од денешната цена. Исто така, неприфатливо е молчењето на државната администрација во делот на воспоставување на контрола на откупот на тутунот. Од сите овие причини почитувани колеги, ако дебатираме со денови за споредни работи кои што не се значајни како што е Законот за празници, како што е ова денеска што ни се случува Деловникот. Јас очекувам сите пратеници овде без разлика дали се од позиција, или од опозиција да ја поддржиме оваа точка да биде ставена на дневен ред, затоа што 50.000 домаќинства заслужуваат денеска барем да дискутираме за нивните проблеми, за нивните маки кои што живот значат.

Овде сметам дека имаме поднесено 4 заклучоци кои што по исцрпувањето на дискусијата очекувам дека ќе бидат прифатени. И со ова нашата парламентарна димензија во учеството на подобрувањето на состојбата на тутунопроизводителите, мислам дека ќе биде остварена и дека ќе помогнеме во изнаоѓањето на решенија за проблемите во кои што се наоѓа нашиот тутунопроизводител. Очекувам, значи без разлика кој пратеник од која страна на овој Парламент седи да го поддржи ставањето на оваа точка на дневен ред, затоа што сметам дека ова е животен проблем, дека вакви теми треба да расправаме, дека ова е реален проблем на нашиот човек, на нашиот македонски човек. Очекувам навистина да гласате, затоа што навистиа на теренот ситуацијата е алармантна. Јас ќе запрам само тогаш кога вие ќе гласате колега, да биде ставена на дневен ред оваа точка и тогаш кога навистина овие реални заклучоци кои што се ставени ќе бидат прифатени, затоа што овие се минимални барања кои што вие ги ветувавте. Барам поддршка да ја ставиме оваа точка на дневен ред и да решиме барем еден реален проблем на граѓаните на Република Македонија, на тутунарите, на онаа категорија луѓе кои што се навистина социјално загрозени.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на пратениците оваа Информација да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Гласале 76 пратеници, за гласале 26, воздржани нема, против 50 пратеници.

Констатирам дека предлогот на пратениците не е усвоен.

Пратениците Јани Макрадули, Славица Грковска, Оливер Спасовски и Кире Гештаковски предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Информација за актуелната состојба во здравството.

Информацијата ви е поделена.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба оваа Информација да биде разгледана на оваа седница.

Има збор господинот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Благодарам господине претседателе.

Како што се кажува во Информацијата изминуваат веќе 8 месеци од парламентарните избори во Република Македонија, а 6 месеци од формирањето на новата Влада, а состојбата во здравството навистина не да е катастрофална, туку од ден на ден станува се поалармантна. Со секојдневните погрешни одлуки кои се носат од страна на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување се доведува во прашање и функционирањето на здравствениот систем. Ако вака се продолжи, претстои целосен колапс на здравствениот систем. Реформите кои почнаа во 2003 година, со донесувањето на Законот за јавни установи, а продолжија со измените на законите за здравствена заштита и здравствено осигурување во 2004 година и 2005 година резултираа со целосна имплементација на реформите во фармацевската дејност, аптеките и најголемиот дел од стоматолошката дејност. Преостануваше да се имплементираат веќе донесените реформи во дел од стоматологијата и примарната здравствена заштита. За ова беше потребно новата Влада онака како што вети односно Министерството за здравство да ги докомплетира подзаконските акти и правилници за да се заокружат реформите и во примарната здравствена заштита. Да не заборавиме, примарната здравствена заштита е клучниот сегмент од здравството. Таму би требало да се завршат 70% од сите здравствени услуги. Тоа треба да биде и главната порта за да не се пуштаат непотребно пациентите од примарна во секундарна, или во терцијална здравствена заштита. Но, наместо тоа што се случува? Со секојдневни лоши донесени одлуки, Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување направија тотална блокада во функционирањето на целокупната примарна здравствена заштита, ги оставија лекарите, концесионерите без плата, односно исплатен аванс по глава веќе 5 месеци. Овие лекари не можат да си ја вршат основната дејност и да даваат здравствени услуги, бидејќи немаат сресва да ја платат киријата, струјата, да набават опрема и материјали и т.н. Пациентите надвор од законот се принудени да ги плаќаат здравствените услуги кои се со закон бесплатни. Еднострано од Фондот за здравствено осигурување се раскинаа сите договори што ги имаше потпишано со здравствените организации. А веќе 4 месеци не се потпишаа нови. Снабдувањето на граѓаните со лекови од позитивна листа драстично е влошено. Лекови има само за 3 до 4 дена во месецот. Наместо да се прошири сегашната позитивна листа, таа се намали, наместо да се воведат референтни цени, се распиша нов меѓународен тендер. Со одлука на Фондот за здравствено осигурување се забрани рефундирањето на лековите кои се неопходни за лечење на одредени тешки заболувања, а не се наоѓаат на позитивната листа. Се укина дополнителната дејност на здравствените работници во приватните здравствени организации, а почетокот на дополнителната работа на лекарите во јавните здравствени организации отпочна хаотично со многу повисоки цени на здравствените услуги, дури и од приватните здравствени организации. Не се почитува новиот колективен договор и платите на здравствените работници наместо да се зголемат како што беше предвидено со тој договор се намалија. Се отвори широк фронт и војна со сите доктори кои во моментов се третираат како да се најкорумпираните луѓе и најголемите криминалци во државата. Се отпочна наводна реформа со терциерната здравствена заштита со предлогот за растурање, демонтирање на Универзитетскиот клинички центар без никаков концепт ниту стратегија. Сите овие погрешни одлуки на Министерството за здравство и Фондот за здравствено осигурување доведоа да имаме во моментов најнезадоволни даватели на здравствени услуги, а во исто време и најнезадоволни примачи на здравствени услуги. А крајната цел во реформите во здравството требаше да доведе точно до спротивното, до задоволни доктори и задоволни пациенти. Затоа ги молам пратениците од парламентарното мнозинство и апелирам да прифатат на оваа седница да се разговара за овие актуелни теми кои ги засегаат буквално два милиони граѓани на Република Македонија. Во спротивно, ако сега на време не се спречат некои работи, навистина претстои тотален колапс и хаос во македонското здравство. Јас се надевам дека мојата молба ќе биде задоволена и пратениците од парламентарното мнозинство ќе го увидат моментот во кој се наоѓа македонското здравство и ќе се изјаснат позитивно.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на пратениците оваа Информација да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за гласале 25, воздржани нема, против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека предлогот на пратениците не е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор заменик министерот за одбрана Илјаз Халими.

**Илјаз Халими:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници,

Значи, имаме две точки предложено за оваа седница како итни. Првата е Предлог-одлука за измена и дополнување на Одлуката за испраќање на еден медицински тим од Армијата на Република Македонија во ИСАФ мисија во Авганистан која е донесена од Собранието на 22 мај 2006 година. Значи, се бараат две мали измени и тоа во делот за продолжување за уште еден месец нашата екипа, значи екипата на медицинскиот тим да остане во Авганистан до крајот на февруари 2007 година.

И втората измена е во делот, наместо Грција да ги плати патните трошоци од Кабул до Скопје, сега стои исплаќањето на патните трошоци да го врши Република Хрватска. Значи, овие се две мали измени во оваа Одлука.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на Владата, Предлогот на Одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 72 пратеника, за гласале 71, воздржани нема, против 1.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

Предлогот на Одлуката ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор заменикот министер за одбрана Илјаз Халими.

**Илјаз Халими:** Значи, со оваа Предлог-одлука се бара испраќање на единица на Армијата на Република Македонија, еден медицински тим за ИСАФ мисија во Авганистан во состав на грчкиот контингент за период од 6 месеци сметано од март 2007 година. Значи, единицата на Армијата на Република Македонија, медицински тим е во состав од 4 припадници на АРМ, еден офицер, еден подофицер и две цивилни лица во Армијата на Република Македонија. И основната задача на медицинскиот тим е обезбедување на медицинска поддршка. Финансиските трошоци се обезбедени било за патните трошоци, било за исхрана и сместување од страна на Република Хрватска, Република Чешка и Грција. И со ова мислам дека, со учеството на овие наши единици во рамките на мировните мисии Република Македонија дава свој придонес во меѓународните сили за безбедност и поддршка на мирот во Авганистан.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на Владата, Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, за гласале 73, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред.

1. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија, медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан;

2. Предлог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија, медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, со Предлог на закон;

4. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон;

5. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон;

6. Предлог на закон за спречување судир на интереси;

7. Предлог за донесување на закон за малолетничка правда;

8. Предлог за донесување на закон за бучава во животната средина;

9. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за државната статистика, со Предлог на закон;

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Господинот Слободан Најдовски побара збор.

Повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господа,

Јас немам предлог, ова сфатете го повеќе процедурално, за изменување на овој дневен ред, но имам една молба до вас и едно прашање.

На крајот на јануари на една од седниците по четврти пат побарав, со оглед на тоа што Владата се жали дека не може да ги усогласиме нашите закони со европското законодавство, поради тоа што Парламентот ја кочи работата и закони од економијата, не можат да одат напред, заради тоа што Парламентот не ги разгледува.

За денешниот дневен ред за оваа денешна седница немаме ниеден закон предложен од економија. Прекинатите седници, ве молам, нема потреба од дофрлување од место и од нервоза, прекинатите седници 26-та и 12-та имаат неколку закони кои што се од економијата. На крајот на

јануари, господине претседателе, вие ветивте дека ќе ни доставите Агенда за работа за цел месец февруари, доставивте за неколку дена до пратеничките групи и сега го поставувам прашањето, затоа што знам како ќе помине мојот предлог ако дадам да се гласа повторно да расправаме за овие неколку закони од економија. Го поставувам прашањето, зошто овие неколку закони од економија, кои што се од минатите седници не ги продолжите тие седници и тие да ги завршиме, бидејќи гледате дека за тие закони многу брзо се усогласуваме, многу ефикасно работиме. Туку, напротив, отворате теми, како што беше ова денес “подмукла работа” со Предлог на измените на деловникот за работа и не во согласност со Деловникот на што беше предложено дополнување на дневниот ред, се поставува прашањето зошто не ги поставите овие закони од економија, нив да ги поминеме. Да се знае дека овој Парламент нема закочено ниеден закон кој што е од областа на економијата и финансиите. Еве на пример, Предлог одлука за согласност, ако ја води седницата господинот Вељаноски, нека ја води тој.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално ако беше, вас времето ви истече.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе, додека јас зборував, вие не знаете што јас предложив, затоа што вие цело време разговарате на мобилен телефон, така што сте прв и единствен претседател во овој парламентарен дом.

**Љубиша Георгиевски:** Се извинувам, но јас на извесни повици на мобилен телефон треба да сум отворен, таква ми е работата.

Второ, што се однесува. . .

**Слободан Најдовски:** Тогаш, поставете го мојот предлог на гласање, процедурално помина, а сега ставете го предлогот на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Јас сум должен да ви одговорам процедурално, повелете ќе ви одговорам.

**Слободан Најдовски:** Ве молам, ставете го мојот предлог на гласање.

**Љубиша Георгиевски:** Јас сум за тоа должен и ќе ви одговорам. Имам најава од Владата дека се прави специјална програма. Имено, сите теми законски кои што се еминентно во врска со нашиот пристап кон Европска унија, да добиваатѕ приоритет и исто како што добивте календар за месец февруари, за редоследот на седниците, за месец март, верувајте ми ќе добиете календар кој потполно ќе ги задоволи вашите барања. Потребно е само трпение.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, за гласале 71, воздржано 1, против 3.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1. - Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - Медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлог одлуката.

За збор се јави господин Лазар Китановски.

**Лазар Китановски:** Јас би дискутирал за двете одлуки, бидејќи тие се поврзани. Едната е техничка, другата е суштинска. Сакам да ја искажам подршката на СДСМ кон нашето учество во коалицијата, бидејќи на тој начин не само што помагаме заедно со другите земји да се засили демократијата во сфетот, туку на тој начин се стекнуваме со искуство и со углед, особено кај оние земји кои се членки на НАТО и на тој начин отвораме една поширока перспектива за нашето приклучување во НАТО. Овој континуитет мислам дека ќе остане и понатаму, многу битен за нашата политика, со тоа што во наредниот период ќе треба повеќе да обрнеме внимание, не само на испраќање на мисии, туку на вкупните аранжмани кои се поврзани со нашето евентуално поканување за членство во НАТО.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Павле Трајанов, повелете имате збор.

**Павле Трајанов:** Околу мојот предлог, јас сакам да го кажам ставот практично на мнозинството или на целата коалиција дека има поддршка. Би сакал во оваа прилика да нагласам дека неодамна на одржаното собрание на Западно европската унија каде што учествуваше и делегација од Македонскиот парламент, беа искажани бројни оценки и ставови околу напредокот на реформите во Република Македонија. Се расправаше, исто така, за одберанбената стратегија на Европска унија во наредниот период, при што беше пријатно да се слуша дека Република Македонија е земја која што беше консумент на воени контигенти кои што учествуваа во оваа стабилизација на Република Македонија, Македонија станува дел од здружената коалиција која што партиципира во повеќе држави со свои единици. Авганистан, Ирак, Босна, така што мислам дека она што го слушаме таму од таму 3-4 дена за Македонија, апсолутно не соодветствува на оној амбиент што последните денови е присутен овде во нашата јавност во Република Македонија.

Накусо сакам да ја искажам поддршката за она што го предлага Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75, сите 75 за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за испраќање на единица на Амијата на Република Македонија - Медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

**Минуваме на точка 2. - Предог на одлука за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија - Медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлог на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам прересот по текстот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, сите 64 пратеници се за.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за испраќање на единица на АРМ - Медицински тим за учество во мировна операција во Авганистан.

**Минуваме точка 3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлог законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи, никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личната карта.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеници, сите 75 се за.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73 пратеници, сите 73 гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко поднесоа амандмани на член 1, член 8 и на член 10 во новиот член 15-а став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Весна Јаневска поднесе амандмани на член 3 во новиот став 4, за менување на член 8 и за менување на член 11, по кои Владата не се произнела.

Кон овие амандмани на пратеникот Весна Јаневска, се приклучи како предлагач пратеникот Валентина Божиновска.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани за додавање нов член 7-а, по членот 7 и за менување на член 14.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Рефет Елмази:** Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Збор има госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Ви благодарам господине претседателе,

Заедно со колегите Оливер Спасовски и Борис Кондарко поднесовме амандман со кој што бараме во членот 1 по зборот “живеалиште”, да се додаде “престојувалиште”,личната карта да е јавна исправа со која се докажува идентитетот, државјанството на Република Македонија, живеалиштето, сега ние предлагаме и престојувалиштето и адресата на граѓанинот на Република Македонија. Вакво решение содржеше и старата одредба на основниот закон и сметаме дека многу е важно во личната карта да биде наведено и престојувалиштето на граѓанинот, затоа што во текот на својот живот граѓанинот има право да го менува своето престојувалиште повеќе пати. Точно е дека со законот за живеалиште и престојувалиште ќе треба да се пријавува своето престојувалиште, но сметам дека во личната карта како јавна исправа потребно е да биде вградено дел кој што се однесува на престојувалиштето на граѓанинот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 17, воздржано 1, против гласале 50 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, во новиот став 4, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор госпоѓа Весна Јанеска, повелете.

**Весна Јанеска:** Благодарам претседателе,

Во овој став од членот 3 се регулира издавањето на нова лична карта и тој гласи: "Со ставот 1 на овој член се поднндсува и лична карта, чиј рок на важење е истечен, оштетена лична карта, дотраена лична карта, што не може да служи на својата намена или друга лична исправа, од која може да се утврди идентитетот на граѓаните". Нашата забелешка е дека во овој став ќе треба да се додадат зборовите: "Доколку не се работи за издавање на лична карта за прв пат". Бидејќи, кога се вади лична карта прв пат, не може да се достави претходната лична карта која може да е оштетена, дотраена или да не биде во употреба. Амандманот е технички и само ја доработува материјата која се регулира во членот 3, па затоа не ми е јасно зошто не се прифаќа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 63 пратеници, за гласале 16, нема воздржани, 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 7-а по членот 7, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе,

Јас не знам од кои причини и со која аргументација заменикот министер го одби овој амандман. Само да појаснам, за јавноста, а и за колгите дека со овој амандман реагираме во членот 8 со кој што се менува членот 13, а се однесува на подигнување на личната карта. Тука е дадена можност личната карта да може да ја подигне лично граѓанинот, сам, што е во ред, но во оние ситуации кога имаме издавање на лична карта на деловно неспособно лице, секако дека само лично не може да дојде деловното неспособно лице да ја подигне личната карта, па затоа предлагаме покрај личното подигнување на личната карта да може за деловно неспособното лице личната карта да ја подигне неговиот законски застапник. Исто така, при предавањето на личната карта ставена е обврска во овој член да се предаде старата лична карта, но имаме ситуации кога личната карта е изгубена. Затоа, во овој член со амандманот додаваме "при подигањето на новата лична карта, оној што ја изгубил старата лична карта да ја предаде објавата, со која што во средствата за јавно информирање, во "Службен весник или во дневен печат" е објавена изгубената исправа. Навистина, јас не знам од кои причини, овој амандман не се прифати. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници, за гласале 16, 1 воздржан, против гласале 46 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 8, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор госпоѓа пратеник Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам потпретседателе.

Сосема ни е јасно дека станува збор за усогласување на нашите закони со законите на Европската унија и овие се чисто технички амандмани за подобрување на текстот на законот, речиси идентичен на оној кој пред малку го образложив и навистина, не ми е јасно зошто не е прифатен, бидејќи не задира во суштината на проблематиката, туку само станува збор за подобрување на текстот на законот.

Да не се повторувам, повторно накратко ќе кажам значи, до колку прв пат се вади лична карта, нема можност да се врати старата и во тој случај со една реченица треба само да се огради за што се однесува членот.

Баш би сакала да ми се објасни од Министерството и овој и претходниот амандман,

предложен од другите пратеници, не се прифаќа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника. Вкупно гласале 59, за гласале 11, 1 се воздржал од гласање, против гласале 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 10 во новиот член 15-а, став 3, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Има збор господин пратеник Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, овој амандман го поднесовме на членот 15-а во членот 10, каде што се предвидува прекршочната постапка во органот, значи во управната постапка во ставот 3 каде стои дека членовите на комисијата имаат завршено образование и работно искуство најмалку седум години на следната материја, а претседателот на комисијата да биде дипломиран правник, со положен правосуден испит и работно искуство најмалку од 10 години на предметната материја.

Мислиме дека работното искуство како години е дадено премногу висок трад, заради тоа што имајќи предвид дека судиите за да можат да бидат избрани им е потребно работен стаж или работно искуство од пет години во апелационите судови, јавните обвинители и тн. и мислиме дека во управната постапка е сосема доволно да биде дипломиран правник, да има положен правосуден испис со работно искуство најмалку пет години.

Од тие причини, предлагаме да биде усвоен овој амандман.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници, за гласале 15, еден се воздржал од гласање, 48 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманто за менување на член 11, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот госпоѓа Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Благодарам потпретседателе.

Овој амандман кој е поднесен, предлогот гласи дека се бришат членовите 16, 17 и 18, а нашиот амандман гласи дека се бришат само членовите 16 и 17. Зошто? Затоа што тој е во врска со членот 4 кој вели вака: "Образецот на личната карта содржи натпис Република Македонија, назив лична карта, натпис МКД, место за фотографија, грб на Република Македонија и машински читлив дел".

Во членот 18 од постоечкиот и важечкиот во моментот закон се вели: "Грбот на република Македонија, кој согласно со членот 5 став 1 на овој закон е составен дел на образецот на лична карта, нема да се втиснува при издавањето на новите лични карти се до донесување на законот за грбот на Република Македонија". Тоа значи дека во овој момент, кога сме ние на оваа пленарна седница, Република Македонија нема закон за грб на Република Македонија. Значи, прашањето е кој грб ќе се втиснува на новите лични карти. Дали Владата смета до стапување на сила на овој закон кој ние ќе го изгласаме, да се донесе закон за грб, за тоа треба овие три месеци, бидејќи законот одложено стапува на сила, дали Владата до тогаш планира да се донесе грб на Република Македонија. За тоа треба да не информира. Кој гарантира дека во рок од три месеци ќе го донесеме грбот. И до колку се избрише членот 18, кој ви го прочитав, нема да имаме законска основа во која нема да се втисне грбот на Република Македонија. Кој грб ќе се стави на овие лични карти кои сега треба да се издадат по новиот закон што ќе го изгласаме и дали, до колку го ставиме стариот грб незаконски на новите лични карти, после извесен период од кога ќе се донесе грбот на Република Македонија ќе ги изложиме на трошок македонските граѓани и повторно ќе ги менуваме личните карти, а и самата држава.

Поради тоа, сметам дека е логично да отпадне членот 18 во кој се вели дека нема да се втиснува грбот на земјата, додека ова Собрание не донесе закон за грб на Република Македонија.

Јас го молам претставникот на Владата да објасни што ќе се случува во овие три месеци или после тоа, ќе се втиснува ли некаков грб или симбол на личните карти, дали после стапувањето на сила на новите лични карти ќе мора после извесен период да се носат нови. Колку ќе ја чини тоа државата и колку ќе ги чини граѓаните. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 13, еден се воздржал од гласање, 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 14, поднесен од Законодавно-правната комисија. Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете три минути процедурално пратеник Весна Јаневска.

**Весна Јаневска:** Како пратеник во Собранието на Република Македонија сметам дека Владата ми должи одговор за поставените прашања, што сметам дека се сериозен проблем во моментот кога ние ќе го гласаме законот.

Како претставници на ВМРО-Народна партија, сакаме што е можно побрзо и поефикасно да се носат законите за усогласување со легислативата на Европската унија. Но тоа не значи дека треба да останеме без одговор, за она што не е разјаснето во законската легислатива. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Отворам претрес по амандманот за менување на член 14, поднесен од Законодавно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

**Рефет Елмази:** Амандманот се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е прифатен и тој станува составен дел на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за внатрешни работи. Повлете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Се извинувам. Расправаме по текстот. Бидејќи вие бевте пријавени, деловнички вие веднаш добивате збор штом ќе побарате.

Во тој случај прв за дискусија е пратеник господин Никола Поповски. Повелете.

**Никола Поповски:** Јас ја почитувам одлуката. Има една реченица молк на администрацијата, бидејќи заменикот министер и министер за внатрешни работи не се администрација, ова личи на молк на политичарите. Каква е логиката да дебатираме во Парламентот, ако единственото нешто што го слушаме од претставникот на Владата на стотици поставени прашања во текот на амандманската расправа е амандманот не се прифаќа, или се прифаќа, па дури и кога отворате по текстот, гледаме дека претставникот на Владата буквално не сака ништо да одговори на легитимно поставените прашања во Парламентот. Неколку пратеници инсистираа на елаборација на некои решенија, меѓутоа, мислам дека имаме исклучително интересна појава во Парламентот, министерот за внатрешни работи, дури дозволете да ви кажам, на еден арогантен начин, да не сака да ги уважува пратениците што прашуваат. На комисиите се одби амандманот на член 5, со кој се менува членот 6, каде што се внесуваат биометриските карактеристики во личната карта. Тој амандман се одби без никакво образложение и денеска повторно ние не чувме никакво образложение.

Јас повторно сакам да прашам, пред да го донесеме законот, пред да гласаме за него, да го прашам претставникот на Владата, Министерството за внатрешни работи, што се подразбира под биометриски карактеристики, ако овде во членот на законот децидно пишува и тоа не прифаќаат да се елаборира или да се промени, дека податоци за биометриски карактеристики се сметаат отпечатоци од два прста и фотогравија. Отпечатоци од прст и фотогравија е биометриски податок од XIX век. Ние сега одиме со нови документи со биометриски податоци и во законот вградуваме дека отпечатокот од прст и фотографија, а од кога е фотогравијата биометриски податок не знам, меѓутоа, не добиваме упорно одговор и на комисиите и сега, Министерството одбива вило што да соопшти и ќе треба да се произнесеме по законот. Ова не е начин на кој се дебатира и на кој се донесуваат закони во Собранието. Имате текст, имате 61 пратеник и одбивате за било што да дебатирате. Навистина, не ми е јасно како мислиме да функционира ова Собрание кога немаме податоци и информации за тоа што го носиме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеник госпоѓа Ристана Лалчевска.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам потпретседателе. Јас се јавив за збор од причини што не стигнав на време да се јавам околу дебатата за еден амандман, кој според мене беше издржан и укажуваше на една слабост, или можеби нелогичност, несодејство на решението кое се нуди во текстот на овој закон со поставеноста на нашиот правен систем.

Имено, станува збор за членот 10, со кој по членмот 15 се додава нов член 15-а кој гласи дека за прекршоци кои се предвидени со членот 15 на овјо закон, прекршочната постапка ќе ја води комисија на МВР. Тоа е во ред, меѓутоа, нешто што за мене не е во ред и ценам дека е некаков пропуст да размисли добро предлагачот, членовите на комисијата треба да имаат завршено високо образование, работно искуство

од најмалку 7 години, а претседателот на Комисијата, диплимиран правник со положен правосуден испит и работно искуство од најмалку 10 години на предметна материја.

Да ве потсетам господо дека според нашиот систем и поставеноста за судија во основен суд, ви е потребно да сте дипломиран правник со положен правосуден испит и пет години работно искуство. Како одите нагоре имате 7 и за Уставниот суд, значи највисокиот суд во државата, положен правосуден испит и 9 години работен стаж. Овде, за комисија кога ќе ослучува за прекршоци бараме положен правосуден испит и 10 години работен стаж, јас навистина, не знам како ќе содејствува ова решение со општата поставеност на нашиот систем.

Бидејќи би сакала да укажам дека во членот 15, после кој се додава овој член се вели дека со парична казна од 1500 до 5000 денари ќе се казни за прекршок физичко лице кое има повеќе од една лична карта, нема лична карта со наполнети 18 години, донел невистинит, лажен извод од матична книга, и тн. пропуштил одредени рокови. Значи, воглавно се работи за прекршоци кои се казнуваат со казна од 1500 до 5000 денари. Занемарно блага казна во споредба со она што треба да го работи претседателот на комисијата, во споредба со условите кои се бараат да се исполнат. Условите се повисоки од условите за да станете односно да бидете избран и да конкурирате за уставен судија.

Мислам дека треба да се поразмисли малку околу ова решение и вклопеноста на ваквото решение во целокупниот систем. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор господин пратеник Оливер Спасовски:

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе, заменик министре, колеги пратеници,

Навистина очекував денеска барем во амандманската расправа одредени прашања кои што ги поставуваа пред работните тела, да бидат одговорени од страна на претставникот на Владата, заради тоа што рековме и тогаш и сега дека овие амандмани кои што ги поднесовме во функција на подобрувањето на текстот на законот, како и олеснувањето во неговата примена, мислиме дека овие забелешки кои што ги имавме, барем требаше да добиеме одговор да ги кажат аргументите претставниците на Владата зошто се решиле за едно вакво решение.

Навистина, за мене е неприфатливо, или пак немам добра причина да прифатам дека во членот 1 каде што се регулира што е личната карта и кои податоци ги содржи да го нема престојувалиштето на граѓаните на Република Македонија, мислиме дека наведувањето само на живеалиштето, а не и престојувалиштето, да има обврска граѓанинот да се одјавува и да се пријави на привременото живеалиште, односно престојувалиште во Република Македонија, ќе создаде проблеми, посебно при составувањето на избирачкиот список, или пак, да претпоставам дека можеби ова е една работа која што намерно се прави во овој период за да имаме злоупотреби во овој дел.

Исто така, за мене како прашање беше значајно прашање да добиеме податоци, односно одговор на прашање околу биометриските карактеристики, заради тоа што на Законодавно-правната комисија, повереникот на Владата ни одговори дека тоа е различно во различни земји со посебни стандарди, меѓутоа, не ги наведе стандардите во Република Македонија. Очекував дека заменикот министер ќе соопшти кои се стандардите кои се опфатени во Република Македонија во однос на биометриските карактеристики, фотографијата и отпечатоците од двата прста. Прашањето е кои два прста се сметаат за биометриски податоци во Република Македонија. Дали е ова вистинското решение, заради тоа што имаме компаративно во другите европски држави да има карактеристики не само на прстите, туку и на други делови.

Во однос на членот 13, мислам дека тоа што беше како амандман без образложение е одбиен од страна на претставникот на Владата, ниту пак пратениците не размислија воопшто дека можат да се создадат дополнителни проблеми, навистина да не може личната карта да ја подигне, само со едно делумно способно лице без старателот, или законскиот застапник и изгубената лична карта не може да се достави, освен објавата. Тоа ќе биде пропуст во овој закон со кој ќе се создаваат проблеми при неговата примена.

За членот 10 говоревме и во амандманската расправа, а еве сега и колешката Ристана Лалчевска го покрена тоа прашање. Мислам дека и овде станува збор едноставно за неприфаќање на определени забелешки, веројатно заради тоа што доаѓаат само од редовите на опозицијата.

На крајот сакам да го соопштам ставот на СДСМ, на пратеничката група дека ќе го поддржиме Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта затоа што претставува усогласување со Европското законодавство, закони за кои што јавно дадовме обврска пред граѓаните на Република Македонија дека ќе биде приоритет и во нашето работење и во работата на овој Парламент и секогаш во однос на ваквите закони ќе настапуваме конструктивно се со цел да имаме поквалитетни законски решенија кои ќе значат чекор понапред на Република Македонија во европските перспективи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Има збор пратеникот господин Владимир Ѓорчев. Повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Јас би се осврнал на нешто што беше споменато во неколку наврати, а се однесува на неприфаќањето или прифаќањето на амандманите.

Мислам дека убедливо најзвучната реченица која што ја слушавме од Никола Поповски како министер беше “амандманот не се прифаќа”. Тоа беше случај со бројни амандмани кои што се однесуваа од ДДВ за земјоделските производи, преку Ребаланс на Буџетот се до намалување на даноците, така што во тој дел мислам дека имаме многу поголема одговорност и многу поголема одговорност од страна на ова парламентарно мнозинство.

Јас ќе го споменам фрапантниот податок, а тоа е додека имавме Влада од СДСМ и парламентарно мнозинство од 2002 година, од фамозниот 15 септември до денес имавме прифатено само 16 амандмани, додека сега само за 7 месеци имаме прифатено 44 амандмани. Мислам дека станува збор за сенс за работите и добро е што е тоа така, затоа што тој дијалог кој што толку многу го споменуваме се одвива во институциите и едноставно не треба да имаме вакви реакции кога некој амандман нема да се прифати. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Токму што сакав да прашам за кој член говорите ...?

(За збор се јавува пратеникот Јани Макрадули)

Претпоставувам дека барате збор за реплика. (Да).

Има збор пратеникот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Прво, потпретседателе очекував да го прекинете колегата Ѓорчев, бидејќи воопшто немаше врска со темата на дневен ред, ниту пак со текстот на законот. Тоа е уште еден доказ дека со вакви упадици само можеме да долеваме масло на атмосферата овде што ја креира привезокот Лилјана Поповска на Никола Груевски.

(Пратеничката Лилјана Поповска бара збор процедурално)

**Иван Анастасовски:** Ве молам имиња да не споменуваме.

**Јани Макрадули:** Можеме да зборуваме за тоа кој какви, квалитетни предлози нудел во минатиот состав, затоа што немало потреба од амандмани, или пак тезата која што ја слушаме постојано овие денови од ВМРО-ДПМНЕ јас ја проверив и проверив дека 93% од амандманите што се одбиени биле одбиени затоа што биле против Рамковниот договор. Да не ги бројам амандманите што беа против укинувањето на Тетовскиот универзитет, против Законот за децентрализација, против Законот за употреба на симболите. На тој начин бидејќи беа одбиени амандманите против Охридскиот рамковен договор Македонија е земја кандидат, а сега што не може да подготват едни закони, па мораме да интервенираме тоа е друго.

**Иван Анастасовски:** И јас сакав вас да ве прашам по кој член од Законот вие говорите.

Процедурално има три минути пратеникот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Почитуван потпретседателе, без да налеваме масло во огинот јас би замолил потпретседателе кога се употребуваат зборови со кои лично се навредуваат одредени пратеници без разлика на која пратеничка група припаѓаат да интервенирате најстрого затоа што

Прво, не е достојно,

Второ, ги повредува и навредува чувствата и на пратениците кон кои што се однесуваат навредите, меѓутоа и на сите пратеници што се овде присутни. Јас се надевам дека нас ни дале граѓаните доверба и поддршка, зборувам за сите 120 пратеници, а ние тука се оптоваруваме со меѓусебни навреди.

Се надевам дека во иднина, не можам да повикувам пратениците да внимаваат, затоа што тоа е одраз на личноста на еден пратеник, тука немаме простор да се учиме како треба, меѓутоа вие како претседавач треба да реагирате најостро и не треба да дозволувате повторно такви навреди да се кажуваат пред Собранието.

**Иван Анастасовски:** Ја прифаќам вашата забелешка. Можеби тоа задоцнето го направив во однос на колегата Владимир Ѓорчев, истото се случи и со колегата Јани Макрадули, ја прифаќам забелешката и апелирам да го држиме авторитетот и дигнитетот на Собранието на Република Македонија.

Продолжуваме со расправа.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на законот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Гласањето не е валидно и ги замолувам пратениците да влезат во салата за да пристапиме повторно кон гласањето.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Бидејќи во салата има доволен број на пратеници, ве повикувам повторно да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници. Сите 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот молам да крене рака?

(Пратениците кои не се мнозинство во Република Македонија креваат рака.

Молам, дали има некој против?

Молам, дали некој се воздржува од гласлање.

На седницата присуствуваат 10 пратеници кои не се мнозинство во Република Македонија, од нив за Предлогот на законот гласале сите 10, нема против, нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за лична карта.

**Минуваме на точка 4 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Закон за патните исправи за државјаните на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот  за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за патните исправи за државјаните на Република Македонија.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеници. Сите 64 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници. Сите 63 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко поднесоа амандмани на член 2 и на член 11 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Весна Јаневска поднесе амандмани на член 3 став 3, член 3 за бришење на став 4, член 5 за додавање на нов став 2 и на член 11 став 1 по кој Владата не се произнела.

Кон овие амандмани на пратеникот Весна Јаневска се приклучи како предлагач пратеникот Валентина Божиновска.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи. Повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Овој амандман го поднесовме заради допрецизирање на членот 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи со кој што се менува член 10 став 1.

Според овој член дипломатски и службен пасош се дефинираат како исправи кои се издаваат на носителите на јавни функции и наредени се кои се субјектите на кои што се издава, заради обезбедување на нивната заштита при патување во странство за извршување на службените задачи во согласност со меѓународното право.

Ние сметаме и сигурни сме дека овој дипломатски пасош се издава прво заради патувања, а потоа заради обезбедување и заштита на субјектите на кои што им се издава службениот пасош. Затоа предлагаме пред зборот: “обезбедување на заштита”, да се додаде зборот: “патување во странство”, затоа што пасошот пред се, и дипломатскиот вклучително прво служи за патување и откако ќе патувате во странство со него логично е кога е дипломатски пасош да ви пружа и посебна заштита како лице од соодветна држава, од одредена држава носител на јавни функции.

Јас мислам дека навистина, без разлика што последниве денови господинот Ѓорчев ни го организира дека се прифаќаат амандмани, прифаќање на амандман кој што е за точка и запирка не значи ништо, особено сакаме да се прифаќаат вакви амандмани кои навистина се за подобрување на текстот на законот, за допрецизирање на одредбите за да не оставаат правни празнини, но нажалост еве и покрај нашите аргументи кои што ги нудиме тука не се прифаќаат.

Јас мислам дека малку повеќе треба да се размислува, не да се тргнува од фактот дека овој амандман е поднесен од Цветанка Иванова, или не знам кој од пратениците од опозицијата и кога е од опозицијата анблок да се одбива.

Јас мислам, како и претходните амандмани кои што ги поднесовме на Законот за лична карта, поднесените амандмани беа точно во функција на подобрување на текстот на законот и допрецизирање. И овој амандман е таков и мислам дека треба пратениците, прво претставникот на предлагачот да размислува и

ако евентуално, како во овој случај не се прифатат, тогаш пратениците немаат ниту еден аргумент зошто не се прифаќа овој амандман кога навистина дипломатски пасош прво служи да се отпатува некаде, па откако ќе се отпатува врз основа на тој пасош да се бара заштита.

Барам пратениците да го поддржат амандманот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Молам дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 63 пратеници. За гласале 16 пратеници, 12 воздржано и 45 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 3, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи. Повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Овој амандман е поднесен во правец на преиспитување на демократијата во нашата земја и сомнежите кои последните и некои претходни настани во земјава укажуваат на степенот на зрелост на демократијата и евентуалната злоупотреба и зачувување на вредноста на дипломатските пасоши, особено затоа што оваа материја се регулира и во ставот 1 на овој член.

Во поглед на тоа што Владата не го прифаќа амандманот, амандманот го повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за бришење на став 4, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи.

Повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Со оглед дека причините заради кои е поднесен се еднакви со претходниот амандман, да не се повторувам, во корист на времето амандманот се повлекува.

**Иван Анастасовски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 за додавање нов став 2, поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи. Повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеникот Весна Јаневска. Повелете.

**Весна Јаневска:** Во членот 5, каде што се вели дека “државјанин на Република Македонија кој во странство претстојува непрекинато повеќе од 6 месеци може да поднесе барање за издавање на пасош во дипломатско-конзуларното претставништво на Република Македонија во странство”, ние предлагаме тој да гласи: по исклучок на одредбата да се додаде нов став “по исклучок на одредбата на став 1 од овој член на државјаните на Република Македонија на кои во странство им е изгубен пасошот, неопходно е да остане во странство подолго од 30 дена поради лекување, службена работа, школување, специјализација, или од други оправдани причини дипломатско конзуларното претставништво на Република Македонија во странство да може да му издаде пасош”.

Значи со овој амандман се предлага нов став 2 бидејќи постои неопходна потреба на државјаните на Република Македонија на кои во странство им е изгубен пасошот, или украден, или се случило нешто друго да му се издаде нов пасош во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија во странство.

Значи, само го допрецизираме текстот.

**Иван Анастасовски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Значи, гласањето е валидно.

Вкупно гласале 59 пратеници. За амандманот гласале 9 пратеници, нема воздржани и 50 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 11 став 1 поднесен од пратениците Весна Јаневска и Валентина Божиновска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:** Многу кратко, бидејки станува збор за итност, сметавме дека првите 48 часови можат да се заменат со 24 часа, со оглед на тоа дека станува збор за итни случаеви и за лекување во странство, за смрт или болест на член од семејството, неодложно службено патување или поради други оправдани причини, сметаме дека е можно да се намали рокот од 48 на 24 часови. Тоа и сега се случува во овој момент, па затоа не гледам причина зошто да не биде прифатен овој предлог. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 11 пратеници, 1 се воздржал од гласање, 49 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**Иван Анастасовски:** Отворам претрес по амандманот на член 11 за менување на став 2, поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор заменик министерот за внатрешни работи, повелете.

**Рефет Елмази:** Амандманот не се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амандманот не е прифатен.

Има збор пратеник господин Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

И ова е во духот на дијалогот на институциите, воопшто да се види суштината и смислата на овој закон и покрај конструктивноста што ја изразуваме, со цел да се подобри текстот на законот. Очигледно дека Владата нема слух. Затоа, мислам дека треба да дадам одредено објаснување, па веријатно совеста ќе проработи кај членовите, колеги, од ВМРО-ДПМНЕ.

Овој амандман го предлагаме се со цел, иако објаснувањето што беше дадено на ЗПК дека се менува само во делот на рокот, што изнесува 48 часови за издавање нова патна исправа што е за итни случаи, бидејки 24 часа било прекратко време и тоа го прифаќаме и почитуваме, меѓутоа, според содржината на членот што се нуди во овој Предлог закон се добива впечаток, впрочем е така дека секое лице кое ќе поднесе писмено барање може да му се издаде патна исправа во рок од 48 часови.

Заради тоа предлагаме да се врати решението што е во постојниот Закон, да рокот биде зголемен на 48 часови, меѓутоа децидно да стои - по исклучок од ставот 1 на овој член, во итни случаеви за лекување во странство, смрт или болест на член на семејство, неодложно службено патување или поради други оправдани причини, пасошот или визата се издаваат најдоцна во рок од 48 часови.

Ако е навистина во функција на зголемување само на временскиот период на издавање на пасошите, мислам дека треба да стои кои се тие итни случаеви и дека во исклучителни околности може да се издаде патната исправа на ваков начин. Инаку, дополнително би создале повторно многу чекање или пак би се јавиле премногу лица кои би сакале на ваков начин да добијат пасош. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник госпоѓа Иванова Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Колегата Спасовски ги кажа аргуметните зошто го поднесовме овој амандман. Мене, пак не ми е јасно зошто претставникот на предлагачот не го прифати овој амандман. Сакам и барам објаснување и сакам да ги слушнам неговите аргументи зошто овој амандман не се прифаќа, затоа што имам право на тоа, затоа што сметам дека вака сроченета одредба на членот 11 со кој што се менува членот 36, според нејзината дикција, значи дека секој кој ќе поднесе писмено барање, Министерството е должно да му издаде патна исправа во рок од 48 часови.

Овде, во овој член се повикува на исклучок. Секогаш, кога предвидувате исклучок треба да наведете кои се тие исклучоци, кога се издава нешто, во случајов патна исправа надвор или по поинаква процедура.

Ако остане вака одредбата, верувајте дека јас, како граѓанин, со моето писмено поднесување на барање за издавање на патна исправа ќе имам право во рок од 48 часови да ми биде издадена патната исрпава. Затоа што така гласи одредбата.

Ние укажуваме. Ова не е политика. Ова е подобрување на текстот на законот. Ова е соочување со проблеми. Ќе се соочите со проблеми ако одредбата остане вака како што е ставена во законот. Вие ќе се соочите со проблеми при издавање на патната исправа. Затоа што по ниту еден основ, до колку е поднесено писмено барање не ќе можете ниту едно лице да одбиете а да не му издадете патна исправа во рок од 48 часови.

Затоа, ако предвидувате исклучоци, таксативно наведете ги исклучоците. Затоа што не наведување на исклучоци отвора можност за дискрециони права на оној кој издава патни исправи. Значи исклучокот сам да си го толкува. Ова не е ниту во духот на демократијата, ова не е ниту во духот на правната држава, ова нема да биде ниту во духот на владеењето на правото.

Повторно ние ги кажуваме нашите аргументи. И повторно нема да го убедиме заменикот минситер, затоа што тој се произнесе по овој амандман. Ги кажуваме нашите аргументи заради јавноста, да докажеме дека и тогаш кога конструктивно и со аргументи бараме подобрување на текстот на законот, ова не е ниту политика, ова не е ниту ништо. Ова е само подобрување на текстот на законот. Само од еден прост факт дека овој амандман е од опозицијата, не се прифаќа. А, од повереникот на предлагачот на ЗПК, кога го покренавме ова прашање, беше кажано дека да, навистина вака срочената одредба дава за право дека секој кој ќе поднесе барање, дека Министерството е должно да му издаде пасош или патна исправа во рок од 48 часови.

Затоа, навистина треба само да се продолжи рокот од 24 часа во постојното решение, бидјеки навистина за 24 часови не ќе може Министерството да издаде патна исправа. Се согласивме, нека е 48 часови, но да бидат строго дефинирани исклучоците за да не се користат со дискрециони права во одредувања дали тој исклучок важи за мене или за некој друг, во постапката на оној кој издава патна исправа.

Ова го објаснуваме заради пратениците. Навистина, размислете. Се трудиме, аргументирано објаснуваме. Гласајте за амандмани што се логика, бре луѓе! Ние не бараме политика со овој амандман. Бараме да се отстрани, во функционирањето на институциите, нешто што значи нееднаква примена на правото. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Пред да го ставам амандманот на гласање, ги повикувам колегите рпатеници да влезат во салата и да пристапиме кон гласањето.

(Пратеници влегуваат во салата).

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 61 пратеник, за гласале 13 пратеници, 1 се воздржал од гласање, 47 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрест по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитугван потпретседателе.

Почитуван заменик минситре, колеги пратеници,

Навистина и на ЗПК и сега овде пред Собранието направивме напори да се подобри овој текст на закон што неспорно е прифатлив за СДСМ, затоа што пред се е усогласување и хармонизација со законодавството на Европската унија. Мислевме и сеуште сме убедени дека одредени членови што се во овој закон треба да се подобрат, се со цел да имаме подобра примена на овој закон. Меѓутоа, ме обесхрабрува и мене и колегите од опозицијата, заради тоа што, навистина, без никаков аргумент, без и воопшто, можеби, да се прочита амандманот, се одбива само заради тоа што е од членовите на опозицијата.

Забелешките што ги кажавме и во однос на членот 2 каде што дипломатскиот пасош се издава исклучиво заради патувања, а потоа и заради обезбедување на заштита, да не може да биде поинаку, меѓутоа очигледно е дека се работи за начин на функционирање на ова парламентарно мнозинство и се како што ќе каже Владата, мора така да биде.

Во членот 3, каде се дефинира што е тоа дипломатски пасош и на кого се се издава, во ставот 2 се предвидува исклучок кој може да добие дипломатски пасош, каде е наведено дека покрај другите добива Претседателот на Републиакта, претседателот на Собранието, претседателот на Владата на Република Македонија, меѓутоа и на лица на кои им престанала функцијата: Претседател на Република Македонија, претседател на Собранието, претседател на Владата на Република Македонија, како и на нивните брачни другари. Јас, навистина не знам зошто стои претседател на Собранието на Република Македонија, имајќи предвид дека тој е прв меѓу еднаквите во Собранието на Република Македонија. Нема потреба да имаат дипломатски пасош пратениците после завршувањето на мандатот, па според тоа нема потреба да има ниту претседателот на Собранието на Република Македонија. Тука, како дилема се наметна и на работните тела, како дилема на која што треба да размислуваат претставниците на Владата и да добиеме одговори на одредени прашања што ги има. Меѓутоа, за жал и на пленарната седница не добиваме такви одговори. Едноставно, се преминува на чиста техника во однос на донесувањето на вакви закони.

Исто така и овде, како што реагиравме во однос на Законот за личната карта на Република Македонија, во делот на прекршочната постапка што ја води посебна комисија, повторно се става одредено работно искуство за членовите на Комисијата од 7 години и 10 години на претседателот на Комисијата, со положен правосуден испит, кој работел на предметната материја. Повторно се разликува од правниот систем во Република Македонија, повторно немаме конзистентност да една комисија, која одлучува во управна постапка се дава значење, односно работно искуство од 10 години за претседателот на оваа Комисија, а сите, како што наведов и претходно, судиите, јавнит еобвинители се избираат со работно искуство од 5 години.

Мислам дека ваквите решенија што се нудат не се баш во духот на хармонизацијата со европското законодавство. Очекувавме дека

Владата ќе иам слух, имајќи предвид дека она што беше разговарано во работните тела, каде голем број од нашите забелешки и дилеми беа прифатени од страна на повереникот, меѓутоа со назнака дека дополнително ќе дадат објаснувања, ги очекував аргументите и јас моите колеги од СДСМ дека ќе ги добиеме на денешната седница кога разговараме за овие закони.

Ставот на СДСМ го знаете сите. Се согласивме, исто и при претходното доенсување на Законот за личната карта, што важи иза овојзакон, дека ќе останеме конзистентни во нашиот став да сите овие закони што значат приближување на Република Македонија во процесот на евроспката интеграција, дека ќе дадеме подршка и ќе бидеме конструктивни, во смисла да имаме навистина квалитетни закони, закони што ќе бидат применливи во праксата во Република Македонија. Меѓутоа, како што кажав и по однос на еден од амандманите, иако водиме, како што тоа го нарекува ВМРО-ДПМНЕ политички дијалог внатре во институциите, ова воопштоне ми личи на политички дијалог, туку на дијалог на глуви. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните рпатеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Предлогот на закон го ставамна гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 64 пратеник, сите 64 гласале за, нема воздржани, нема против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот сокревање на рака.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака?

(9 пратеници креваат рака)

Кој е против, молам да крене рака?

(Ниту еден пратеник не крева рака).

Дали има некој воздржан? (Нема)

На седницата присуствуваат 9 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија. Од нив за Предлогот гласаа сите 9 пратеници, нема против,нема воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за патните исправи на државјаните на Република Македонија.

**Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон.**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени однсоно поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот 10 на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните рпатеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеник госпоѓа Јаневска Весна, повелете.

**Весна Јаневска:** Почитуван потпретседателе, можеби повеќе процедурално или по текстот на законот, но сеедно, законот беше доставен во собраниска процедур аи потоа помина на една од Комисиит,каде присуствував и јас, каде што госпоѓата Доревска објасни дека сега, во итна постапка треба да се донесат само некои измени во членот на законот, а дека во иднина ќе биде изменет речиси целиот Закон.

Ние, како партија, сметавме дека целиот Закон треба да претрпи големи и суштински измени. Бидејки не бевме информирани, а Владата требаше да каже дека ќе има неколку фази за изменување и дополнување на овој закон, се потрудивме сериозно да сработиме повеќе амандмани, се до моментот додека госпоѓа Весна Доревска не кажа дека дополнителните измени на Законот за безбедност во сообраќајот Владата ќе ги предложеле во месец мај. Тогаш престанавме со изработка на амандмани и во овој момент во Собранието ги доставивме само оние што до тој момент беа сработени.

Мислам дека навистина, претставниците на Министерството треба посериозно да се однесуваат кон работата на Собранието и пратениците. До колку имаат различни видувања по одредени закони да не информриаат за таквите нивнивидувања или ставки во измените и дополнувањата на одредени закони за да можеме пософодветно да ја посветиме нашата работа во Собранието.

Ова е, според нас, од ВМРО-Народна партија Закон што треба да претпри суштински и темелни промени. Но, имаме разбирање за она што значи итна потреба, иако не бев сосема сигурна дека претставникот на Министерството на Комисијата за безбедност успеа да ја образложи итноста на ваквата постапка.

Со оглед на тоа дека се работи за закон за усогласување со европските регулативи, ние ќе се задржиме само на она што го сработивме до

овој момент и со право, доколку Министерството до мај месец не излезе со нов предлог на закон потоа да го доработиме се она што сметаме дека треба да се сработи и евентуално да поднесеме наш Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Има збор пратеникот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Почитуван потпретседателе, почитуван заменик министер, колеги пратеници.

И јас сум збунет по дискусијата на колешката Јаневска, дали навистина ќе следува нов закон во месец мај или со овие измени навистина ќе направиме хармонизација на нашето национално македонско законодавство со стандардите и регулативите на Европската Унија.

Како член на Комисијата за транспорт, врски и екологија јас веќе кажав дека предлагач на овие измени и дополнувања на Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата е Владата на Република Македонија, но навистина бев изненаден зошто се претставници од Министерството за внатрешни работи, а не од Министерството за транспорт и врски.

Имено, можеби токму тука е забуната за која зборуваше колешката Весна Јаневска.

Во врска со надлежностите генерално во врска со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата од страна на Европската Унија на повеќе наврати досега, бидејќи во минатиот состав бев член на оваа Комисија, ни беа дадени забелешки дека во сите европски земји надлежноста во поглед на креирање на политики и подготовки на закони е во рамките на Министерството за транспорт и врски додека контролата на спроведување на законите е во рамките на Министерството за внатрешни работи односно Сообраќајната полиција.

Мислам дека е неопходна промена во Законот за Влада и Законот за организација на органите на државната управа со цел оваа надлежност да се префрли во Министерството за транспорт и врски. Веќе спомнав дека во сите меѓународни форуми каде се третираат прашања од областа на транспортот, нормално е дека нашите претставници од Министерството за транспорт и врски се изненадени и тешко дека ќе можат да се дадат вистински одговори, а изненадувањето односно исчудувањето на нашите претставници не е мало особено кога се објаснува зошто Министерството за транспорт и врски не е предлагач на овој закон.

Но, за што всушност се работи, материјата за безбедност на сообраќајот на патиштата нормативно е уредено кај нас со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и во 2004 година кога направивме доближување на нашето законодавство кон стандардите и регулативите на Европската Унија.

Имено, овде во овој закон најмногу внимание се обрнува во делот на внесувањето на новини во поглед на новите документи кои, како што бевме информирани, ќе се применуваат и изготвуваат во октомври, значи возачките дозволи за управување со моторни возила и истите ќе претставуваат усогласување на нашето законодавство со Европската Унија.

Новини во овој закон има и во поглед на времето на возење и одмор на професионалните возачи, за прв пат се воведува законска регулатива за употреба и контрола на тахографот како инструмент за мерење на времето на одмор и возење.

Во однос на вкупното траење за управување со моторно возило како и обврската за евидентирање на времето на возење и одмор на возачите, вгррадувањето на тахограф нецелосно во овој закон е третиран овој сегмент, токму затоа следуваат следуваат неколку амандмани кои, се надевам, предлагачот ќе ги усвои согласно стандардите на Европската Унија особено заради тоа што Република Македонија сеуште нема или не сме регистрирани, немаме национален код за дигитални тахографи. Тоа, согласно оваа Уредба и овој Закон може да придонесе и понатаму да продолжуваат проблемите на нашите транспортери во одредени ситуации и овде и надвор од земјата и да имаат сериозни проблеми. Ова е изразено во делот кога имаме менување на механички со дигитален тахограф.

Почитувани колеги, мислам дека особено е важно да се спомне дека во одредени членови се мешаат и други министерства кои апсолутно не се надлежни за регулирање на оваа материја, бидејќи, како што е наведено во причините поради кои треба да се донесе законот, дека Министерството за внатрешни работи на Република Македонија е надлежен државен орган за спроведување на прописите, како и преземање на мерки кои се однесуваат на безбедноста во сообраќајот на патиштата. Тоа го потврдува она што досега го зборував иако во членот 20 од понудениот текст се предвидува нов член 316-а, за кој подоцна ќе зборуваме каде се случува да се меша и Министерството за економија иако нема апсолутно никакви ингеренции во делот на денесување на овој закон.

Мислам дека е многу лесно да се каже дека моторните возила со кои се врши јавен превоз на патници и стока во меѓународниот сообраќај треба да ги почитуваат не само домашните, туку и меѓународните прописи за обавување на оваа дејност.

Голем број на измени кои се дадени , верувам дека ќе придонесат да имаме подобар закон од овој што го имаме сега, но истовремено сакам да нагласам дека кај голем број на членови од Комисиајта за транспорт, врски и екологија имавме забуни за одредени членови особено во членот 20 кога овластеното службено лице односно инспекторот за патен сообраќај оправдано се сомнева дека тахографот или контролниот уред не е во исправна состојба,

може да нареди преглед, така се вели во Законот, на тахографот или контролниот уред кај овластена организација што издава потврда. Сите знаеме во Република Македонија која е овластена организација и дали истата може да издава дозволи само за механички, а не и за дигитални тахографи.

Во делот на член 317 сакам да нагласам дека се предвидува министерот за економија во согласност со двете други министерства, значи министерот за транспорт и врски и министерот за внатрешни работи да донесе поблиски прописи за техничките карактеристики и начинот на испитување на овој контролен механизам, но мислам дека на сите ни е јасно дека министерот за економија нема апсолутно никаква надлежност во овој поглед особено по укинувањето на Бирото за стандардизација кое беше во надлежност на Министерството за економија до неговото трансформирање односно формирање на сегашниот Институт за стандардизација како независно тело под капата на Владата на Република Македонија, согласно Законот за стандардизација “Службен весник “бр. 54 од 15 јуни 2002 година. Сметам дека надлежноста на ова прашање треба да има токму Институтот за стандардизација и Министерството за транспорт и врски, а не и Министерството за економија.

Ценам дека на овој начин ќе придонесеме да имаме навистина подобар закон, а и приближување на истиот како стандардите и регулативите на Европската Унија.

Мислам дека Министерството за транспорт и врски ќе може во иднина во определен рок заедно со Министерството за внатрешни работи да донесе посебен правилник со кој ќе ги надополни сите овие празнини за кои сега зборував и со кои се соочуваат нашите транспортери и овде во земјата и надвор од неа. Ако Европското законодавство предвидува и има директива за дигитален тахограф, апсолутно мислам дека не треба да стане збор дали и во нашиот закон треба да имаме такво нешто. Се со цел дека овој закон, без разлика дали некој ќе го свати дека се носи исклучиво заради новите документи кои треба да почнат да се изготвуваат во рамките на Министерството за внатрешни работи од октомври месец и истите да се применуваат кај нас, ценам дека поголема и подлабока тежина во однос на ова што досега многумина го зборувавме и овде и на Комисијата за транспорт, врски и екологија.

Изгледа немаме расположение повеќе за дискусија, почитуван потпретседателе предлагам денеска да завршиме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ќуркчиев.

Имаме уште десетина минути до крајот на работниот ден, па сакам да предложам збор да земе гоподинот Ацо Киров, повелете.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе,

Еве и јас би сакал да кажам нешто околу овој закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Таков каков што е кој ќе биде хармонизација со европските стандарди и регулативи, јас би го поддржал, но не би кажал дека целосно го прифаќам таков каков што е даден.

На почетокот на мојата дискусија да кажам дека сакав да поднесам неколку амандмани околу овој закон, но бидејќи во Собранието стана пракса во пет до 12 се закажуваат седници со изменет дневен ред, имав на располагање само еден ден, а токму тој ден не бев овде и не можев да поднесам амандмани, но сепак ќе кажам нешто околу тој амандман што сакав да го поднесам.

Би апелирал до вас потпретседателе да му пренесете на претседателот седниците да се закажуваат во подолг временски период за да имаме поголема прегледност и да го знаеме дневниот ред барем десетина дена пред одржувањето на седницата затоа што вака како што работиме во пет до 12 ние пратениците не знаеме која седница е и која точка ќе биде на дневен ред.

Би сакал да кажам нешто околу членот 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. Тој е излезен во Службен весник на Република Македонија број 14/98, број 38/02 и број 38/04 или во член 3 зборовите “дозволите за возачот на трактор, возачки потврди за мотокултиватор, работна машина, велосипет со мотор”, се бришат. Или се вметнуваат нови зборови во член 286 од овој Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата и се додаваат зборовите “и во националните категории ФГМ “. Фактички тоа се нови категории кои се предлагаат со овој закон, категории кои ќе ги заменат досегашните потврди, возачки дозволи за трактор, мотокултиватор и велосипеди со помошен мотор.

Еве едно мое видување на овие нови категории и оние кои слушаат да знаат што треба да поседуваат за да можат да управуваат со трактор, мотокултиватор, помошни машини, велосипеди со помошен мотор итн.

Значи од сега натаму со овој закон ќе имаме нови категортии ФГМ . Тоа се три нови става 9. 10 и 11 и во националната категорија Ф спаѓаат трактори тракторски приколки со дозвола на управување на возилата од оваа национална категорија можат да се управуваат и возила кои спаѓаат во националните категории Г и М.

Во Г спаѓаат работни машини, тоа се машини во градежништвото и други земјоделски помошни машини за кои треба да поседуваат одредени потврди оние кои управуваат со нив.

Во националната категорија М спаѓаат мотокултиватори и приклучни возила што ги влечат мотокултиваторите со мотор и лесни четирицикли.

Моето видување и моето размислување што на почетокот реков дека немам време за поднесување амандмани беше точно околу тоа да поднесам амандмани за овие категории, не амандмани за поседување на возачки дозволи,

во членот 29 имаме луѓето кои ги поседуваат сегашните дозволи за трактор, потврдите за мотокултиватор сега со членот 29 од предложениот закон се ограничени со одреден временски период. Во членот 29 се вели: “возачка дозвола, дозвола за возач на трактор и возачка потврда издадени согласно прописите кои важеле до денот на влегување во сила на овој закон ќе продолжат да важат до истекот на рокот на важење наведен во истите, но најдолго пет години од денот на влегување во сила на прописите со кои се регулираат обрасците на сообраќајната дозвола , возачка дозвола, потврда за регистрација, дозвола за возач на трактор и возачка потврда”.

Мојата интервенција се однесува, ако на време бев известен со дневниот ред на оваа седница, да не беше ден пред истекот на времето за поднесување на амандмани, еден од амандманите ќе беше токму овде во оваа сфера. Амандмански би интервенирал овде од причини што овие дозволи и потврди кои поседуваат граѓаните, земјоделците за тракторите со приклучни возила, велосипедите итн, се луѓе кои се повозрасни и земјоделци ако се над 55 години возраст дури земјоделци над 50 години тие на одреден начин не се способни да полагаат повторно возачки испит, да добиваат возачки дозволи, потврди за велосипеди со помошен мотор итн.

Мојата интервенција ќе беше токму околу тоа барем 10 години со стапувањето на овој закон во овој член 29 да не е најдолго пет години од денот на влегување во сила на прописите со кои се регулираат обрасците и престанокот на возачката дозвола, барем да беше 10 години затоа што почитувани колеги пратеници знаете дека земјоделците особено кога зборувам за дозвола за трактор, мое мислење е, тоа го гарантирам, сигурно е дека после 53-54 години не би биле во состојба повторно да полагаат да добијат дозвола.

Дури оваа категорија на луѓе кои во одредени случаи во претходните години, зборувам за време на СФРЈ и од нашето осамостојување, се однесува на земјоделците кои управуваат со земјоделски машини беа малтретирани односно контролирани од полицијата дали поседуваат возачка дозвола, дали тракторот му е исправен или не. Тоа беше голем револт уште тогаш, а и ден денеска за оние луѓе кои не ги поседуваат овие документи, за едно одење од дома до нива или 200 метра некаде еден километар, моја препорака е во иднина овие луѓе да не бидат контролирани или ако бидат контролирани сепак да им се прогледува низ прсти затоа што навистина се однесува за категорија на луѓе кои треба да си ја вршат својата работа, а не се способни. . .

**Бесим Догани:** Господине Киров бидејќи е 18,00 часот дали сакате дополнително време да завртшите или ќе продолжите утре?

**Ацо Киров:** Утре ќе продолжам.

**Бесим Догани:** Тогаш утре во 11,00 часот продолжуваме со денешната 30-та седница, а по завршувањето на 30-тата седница продолжуваме со 26-та седница, со законот за лустрација. Благодарам.

(Сединицата прекина со работа во 18,00 часот)